Врз основа на член 22 став (1) точка 5, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 14.11.2019година, донесе

# О Д Л У К А

## за усвојување на Програма за активностите на Општина Кратово од областа на културата за 2020 година

### Член 1

Со Одлуката Советот на општина Кратово усвојува Програма за активностите на општина Кратово од областа на културата за 2020 година.

Програмата ќе се реализира во зависност од процесот на реализација на приходите во Буџетот на Општина Кратово.

Програмата е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09 - 1796/1
14.11.2019 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Слободан Постолов

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО**

# ПРОГРАМА

## За активностите на општина Кратово од областа на културата за 2020 година

**Кративо**
**Ноември 2019 г**

- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- организирање на меѓународни фестивали кои ќе се одржуваат во општината;
- одбележување на јубилејни настани во културата;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, лицата со попреченост, со цел поттикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите и лицата со попреченост;
- Развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти.

**Следува табеларен приказ на активности и предвидени средства за нивна реализација**

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА КРАТОВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА И ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА НИВНА РЕАЗЛИЗАЦИЈА

| **Ред. бр.** | **Празници, манифестации, настани** | **Активности** | **Носители на активноста** | **Извори на средства во ден.** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **ЕЛС** | **Други извори** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***Мал Божиќен концерт „Химни на Рождество Христово“ (5 ти јануари)*** | Во Мултимедијалниот центар традиционално се одржува Мал Божиќен концерт во слава и чест на големиот христијански празник Божиќ, каде настапуваат голем број учесници кои ги изведуваат божиќните химни. Концертот има богата програма со повеќе активности, меѓу другото се подготвува богата Бадникова Трпеза на Љубовта додека Градоначалникот доделува божиќни пакетчиња. | Општина Кратово;<br>Музеј на град Кратово;<br>Дом на култура „Лазар Софијанов“-Кратово | **30.000**<br>- обезбедување на озвучуваење и сценографија<br><br>-обезбедување на божиќни пакетчиња за учесниците<br><br>-обезбедување на храна и пијалок за присутните | учество од месно население |
| 2 | ***„Водици“ Голем Богојавленски водосвет (19 ти јануари)*** | По повод големиот христијански празник „Богојавление“(Водици) се организира Голем Богојавленски Водосвет при што Градоначалникот доделува подарок за најсреќниот. | Општина Кратово | **12.000**<br>-обезбедување на награди за учесниците | учество од месно населен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | ***Панихида на Павел Шатев (30 ти јануари)*** | Полагање на свежо цвеќе, на спомен бистата на Павел Шатев, историски осврт за животот и делото на Павел Шатев. Делегација од Кратово оди во посета на гробот на Павел Шатев во Битола. | Општина Кратово<br>Музеј на град Кратово | **5.000**<br>-организација на настанот | / |
| 4 | ***Св.Ѓорѓи Кратовски – Патронен празник на градот (24ти февруари)*** | Во слава и чест на Светиот Ѓорѓи Кратовски се организира патронска програма за чествување на празникот составена од Свечена Богослужба и културно – уметничка програма, како и свечен празничен ручек. | Општина Кратово<br>Дом на култура „Лазар Софијанов“<br>Музеј на град Кратово | **300.000**<br>- организација на културно -уметничка програма<br>( техничка опрема и озвучување,авторски надоместоци, патни и дневни трошоци, транспорт)<br>-обезбедување на храна и пијалок за учесници и гости | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | ***Кино проекции*** | Проекција на филмови во кино салата (еднаш месечно) | Општина Кратово, Дом на Култура „Лазар Софијанов„ Кратово | **60.000**<br>-обезбедуваење на филмови<br>-промоција | Кинотека, Агенција за филм на РМ , Министерство за култура |
| 6 | ***1ви април - Ден на шегата***<br>Кратовски маскенбал со учество на децата од детската градинка и основното училиште | Дефиле на учесниците и организација на шоу програма за деца | ЈОУДГ „Царка Андреевска“ , ООУ „Кочо Рацин“, Дом на Култура “Лазар Софијанов“ - Кратово | **20.000**<br>-организационо – логистичка поддршка<br>-награда за најинтересната маска | - |
| 7 | ***25 ти април – Прво ослободување на Кратово*** | Полагање на свежо цвеќе, свечен говор, читање на литературни творби,коктел | Општина Кратово Сојуз на борци на Кратово | **5.000**<br>-организационо – логистичка поддршка<br>-храна и пијалок | / |
| 8 | ***„ Лесновски ѕвона“ (прва половина на месеец јуни)*** | Манифестација во чест на поетот Чедо Јакимовски составена од поетско матине и доделување на поетска награда „ Нарциса’’ | Општина Кратово Музеј на град Кратово | **30.000**<br>-патни и дневни трошоци<br>-коктел<br>-награди и признанија | Министерство за култура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | ***10 ти јуни -Ден на културата во Република Македонија - Меѓународен фолклорен фестивал „Разиграно Кратово“*** | Традиционално одбележување на Денот на културата со богата културно – уметничка програма во вид на Фолклорен фестивал со учество на голем број културно – уметнички друштва од земјата и гости од странство. | Општина Кратово Дом на култура „Лазар Софијанов“ | **80.000**<br>-патни трошоци<br>-сместување на учесниците и гостите | Министерство за култура |
| 10 | ***Детска ликовна колонија „ Лазар Софијанов“*** | Изработка на слики со мотиви од староградска архитектура, организирање на изложба од изработените слики. | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“, ООУ „КочоРацин,“ СОУ „Митко Пенџклиски“ | **60.000**<br>-патни и дневни трошоци<br>-сместување на учесници и гости | Дом на култура „Лазар Софијанов“ - Кратово |
| 11 | ***Гостување на членови на КУД „Ефрем Каранов„ на фестивали.*** | Финансиска подршка на КУД за патни трошоци за нивно гостување и промовирање на македонскиот традиционален танц во странство | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово. | **110.000**<br>-патни трошоци | Кофинансирање на КУД Ефрем Каранов, спонзорства. |
| 12 | ***Денови на архитектура*** | Неколкудневен семинар за студенти по архитектура, со учество на професори од архитектонски факултет, со цел изработка на пилот архитектонски проекти од учесниците | Општина Кратово | **150.000**<br>организационо – логистичка и техничка поддршка<br>-сместување на учесници и гости<br>-материјали за работа | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | ***Кратовско културно лето*** | Одржување на повеќе културни настани од различни уметнички области во текот на летниот период (театарски претстави, концерти, бела ноќ и сл.) | Општина Кратово | **200.000**<br>организационо – логистичка и техничка поддршка<br>-сместување на учесници и гости<br>-обезбедување на техничка опрема и озвучување<br>-авторски надоместоци, патни и дневни трошоци, транспорт<br>-обезбедување на храна и пијалок за учесници и гости<br>-промоција | / |
| 14 | ***„6-ти Септември“ – Ослободување на градот*** | Полагање на свежо цвеќе, свечен говор, читање на литературни творби,коктел | Општина Кратово, Сојуз на борци Кратово | **10.000**<br>организационо логистичка поддршка<br>-свечен коктел | учество од месно население |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15 | ***„Кратовска компиријада“ (месец октомври – ноември)*** | „Кратовската Компиријада„ која освен промоција на кратовскиот компир предвидува и богата културно – забавна програма со бројни активности и голем број на учесници. | Општина Кратово ООУ „Кочо Рацин“ повеќе локални институции. | **100.000**<br>-техничка опрема и озвучување<br>-патни и дневни трошоци<br>-авторски надоместоци<br>-храна за учесници и гости<br>-награди и признанија | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.М. |
| 16 | ***Едукативни и креативни работилници од областа на културата (континуирано во текот на целата година)*** | Со цел развивање на аматерската култура и поттикнување на креативноста и унапредување на културниот развој на децата и младите, како и лицата со попреченост се предвидуваат работилници од областа на музичката, драмската и ликовната дејност. | Општина Кратово, ОУ „Кочо Рацин„ Кратово, СОУ „ Митко Пенџуклиски“- Кратово. | **30.000**<br>-организационо – логистичка и техничка поддршка | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 17 | ***Подршка на здруженија на граѓани за организирање на културни настани*** | Останати настани и манифестации кои ќе се реализираат во текот на 2020 година, а се организирани од страна на здруженија на граѓани.<br>Ова се настани кои општината целосно ќе ги финансира или кофинансира, по претходно објавен повик (конкурс). | Општина Кратово, НВО-а | **185.000** | / |
| 18 | ***Театарски претстави*** | Гостување на домашни театаркски куќи со свои претстави во кино салата | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово. | **120.000** | |
| 19 | ***Останати настани*** | Останати настани и манифестации кои ќе се реализираат во текот на 2020 година. | Општина Кратово | **150.000** | |
| | ***ВКУПНО*** | | | **1.657. 000,00** | |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Кратово за 2020 година.

## IV. Завршни одредби

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа програма, треба да поднесат извештај до Одделението за општи, правни работи и јавни дејности во општина Кратово.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општина Кратово.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кратово“ а ќе се применува до крајот на годината.

Бр. 09 - 1796/2
14. 11. 2019 година
Кратово

**Претседател**
**на советот на Општина Кратово**
Слободан Постолов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
1213
КРАТОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО